ОПШТИНА БИТОЛА

Број : 01-02/1
Дата: 25.10.2023

# Годишен план за спречување на корупцијата и судирот на интереси

октомври 2023 година

Битола

## 1. Вовед

Годишниот план за спречување на корупција и судир на интереси има за цел да ја зголеми институционалната отпорност на корупција и да воспостави механизам за контрола и превенција на појавата на корупција.

Корупцијата е еден од главните предизвици и опасности за демократското општество и владеењето на правото, поради што нејзиното спречување е предуслов за добро управување и функционирање на институциите во согласност со Уставот, законите, меѓународните и националните етички кодекси. Независноста, професионалноста и етичноста во извршувањето на надлежностите утврдени со закон, првенствено се гарантираат преку зајакнување на интегритетот на институциите, односно преку зајакнување на системот на политики, стандарди и процедури воспоставени од институциите. Општина Битола е посветена на одржување на високи правни, етички и морални стандарди, почитување на принципите на интегритет, објективност и непристрасност и со својот начин на работа се бори против корупцијата и судирот на интереси.

Во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на РМ" бр.12/2019) под корупција се подразбира: „злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг", а „под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности".

Интегритетот и корупцијата се две спротивставени појави, односно секое коруптивно дејство подразбира кршење на интегритетот. Интегритет е квалитет на дејствување во согласност со општоприфатените морални вредности и норми во корист на јавниот интерес.

Извештаите на Европската комисија за напредокот на Република Северна Македонија, како и извештаите на други релевантни организации континуирано укажуваат на неповолните состојби во справувањето со корупцијата. Истражувањата на перцепцијата на граѓаните покажуваат прифаќање на корупцијата како начин на живеење. Таа е длабоко и широко распространета во сите пори на општеството, што упатува на неопходноста од нејзино намалување, со стремеж кон нејзино искоренување.

Борбата против корупцијата не е едноставен процес, туку подразбира ангажман на целото општество и иницијативност на сите нивоа. Секој поединец има законска и морална обврска да се бори против корупцијата. Ова не значи само препознавање на корупцијата и воздржување од коруптивни дејствија, туку и пријавување случаи кога постојат сомнежи за корупција.

Годишниот план за спречување на корупцијата и судирот на интереси е документ во кој се дефинирани надлежностите, областите, процесите и процедурите кои се ризични од аспект на појава на различни видови на корупција. Со него се предлагаат начини на управувањето со ризикот, односно начинот на негово намалување. Со примената на акциониот план, општината како единица за локална самоуправа го зајакнува својот капацитет за заштита, застапување и остварување на јавниот интерес на локалната заедница. Со создавање на адекватен локален антикорупциски механизам ќе се обезбеди транспарентна работа на органите на локалната самоуправа и транспарентно креирање и трошење на буџетот на општината.

Годишниот план за спречување на корупцијата и судирот на интереси го опфаќа периодот од октомври 2023 година до октомври 2024 година. Со реализација на неговите мерки и цели ќе се обезбеди подигање на довербата кон општинските органи, општинската администрација, јавните служби и установи основани од општината, ефикасно користење на јавните ресурси, како и јакнење на демократијата и општествените вредности.

## 2. Правни прописи и методологија

Годишниот план за спречување на корупцијата и судирот на интереси на Општина Битола е изготвен согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на РМ“ бр.12/2019), Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 и Насоките за процена на ризик од институционална корупција на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Во насока на активно спречување на корупцијата, Општина Битола антикорупциската политика ја базира на следниве законски и подзаконски акти: Кривичен законик, Закон за заштита на укажувачи („Службен весник на РМ“ бр.196/2015, бр.35/2018, бр.257/2020), Закон за лобирање („Службен весник на РМ“ бр.106/2008, бр.135/2011 и бр.122/2021), Закон за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на РМ“ бр.90/2009, бр.12/2011, бр.бр.188/2013 и бр.192/2015), Кодекс на административни службеници („Службен весник на РМ“ бр.183/2014). Во заложбите на меѓународната заедница во борбата против корупцијата донесени се: Конвенција на Обединетите нации против корупција и Цивилна конвенција за спречување корупција. Република Северна Македонија ги има ратификувано овие меѓународни документи и истите претставуваат дел од домашното законодавство.

## 3. Цели на годишниот план за антикорупција

Годишниот акциски план за антикорупција се фокусира на реализација на шест цели преку кои ќе се намали системската осетливост на корупција во рамките на Општина Битола, и тоа:

1. Зголемување на нивото на политичка одговорност и демонстрирана волја за борба против корупција;
2. Спроведување на надлежностите на локалната самоуправа на законит, транспарентен, етички, економичен, одговорен и ефективен начин;
3. Јакнење на интегритетот и отчетноста, зголемување на транспарентноста и одговорноста на вработените кон граѓаните, како и подобрување на ефикасноста во работењето;
4. Јакнење на надзорните и контролните механизми, кои ја ограничат и спречат можноста за злоупотреба на службената положба за остварување на лична корист;
5. Дигитализација на работните процеси;
6. Еднаков третман кон граѓаните во добивањето на услуги од страна на општинската администрација;

## 4. Начела и вредности на кои се темели годишниот план

Годишниот план за спречување на корупцијата и судирот на интереси на Општина Битола е превентивен антикорупциски механизам и механизам за воведување на начелото за добро управување во работата на органите и службите на општината. Тој поаѓа од **општо прифатените ризици на корупција кои се заеднички за јавниот сектор**, а кои можат да се идентификуваат и на локално ниво. Станува збор за следниве појави:

- Постоење на големи дискрециони овластувања во кои органот, службата, телото или службеникот донесува одредена одлука, односно отсуство на јасни, прецизни и однапред утврдени услови, критериуми и мерила за донесување на одлуки. Дискреционите овластувања во донесувањето на поединечни одлуки нужно мораат да постојат, но прашање е каков е нивниот карактер и на кој начин се ограничени. Со други зборови, ако тие овластувања не се ограничени и однапред познати на сите учесници во еден процес на донесување на одлука, тие можат лесно да доведат до корупција.
- Отсуство на транспарентност и јавност во работата. Корупцијата настанува во главно таму каде што не постојат можности таа да се открие. Како што отсуството на јавноста во работата е потенцијална причина за појава на

корупција, така зголемувањето на јавноста во работењето е неопходна мерка за превенција на корупцијата.

- Отсуство на одговорност за работата, која во себе може да содржи: отсуство на образложение за донесената одлука, отсуство на преиспитување за донесената одлука, отсуство на извештаи за работењето, како и отсуство на морална, политичка, дисциплинска и прекршочна одговорност.

- Отсуство на адекватен надзор и контрола, без разлика дали таа доаѓа одвнатре или однадвор (од други органи, институции или од јавниоста). Начелно, не би требало да постои ниту една ситуација во која постапувањето на некој орган на власт не подлежи на нечиј надзор. Дури и највисоките органи на власта се наоѓаат во системот „проверка и рамнотежа“ кој произлегува од демократското начело на власта. Ако нема надзорен механизам или ако тој не е ефикасен, можностите дека ќе се појави корупција се зголемуваат.

Вредности на кои се темели Годишниот план за спречување на корупцијата и судирот на интереси на општината, како и процесот на неговото усвојување, примена и пратење се истите оние вредности на кои се темели концептот на добро управување:

- Одговорност : целокупниот систем на локална самоуправа, односно органите на локланата самоуправа, јавните служби, јавните претпријатија и другите корисници на средства од буџетот, како и граѓаните треба да бидат свесни за својата улога односно за својата одговорност во остварувањето на целите на овој документ;

- Транспарентност: со оглед на тоа дека јавноста во работењето се промовира како една од основните бариери за појава на корупција, целокупниот процес на усвојување, исполнување и реализација на годишниот план треба да е достапен до јавноста. Јавноста треба да го знае начинот на кој е усвоен овој документ, каков е статусот на мерките и активностите кои се содржани во него;

- Партиципација, односно учество на граѓаните и локалната заедница Иако носител на планот е општината и активностите предвидени во него треба да ги спроведат органите и службите на општината, ефектите и резултатите на овој документ треба да ги почуствува целата локална заедница.

- Ефикасност и ефективност: процесот на усвојување, примена и реализација на годишниот план за спречување на корупцијата е потребно да се реализира со сите расположливи ресурси и капацитети, за да се добие максимален ефект, затоа што корупцијата и нејзините штетни последици се појави на кои терба да се реагира ефикасно, брзо и одлучно.

- Годишниот план за спречување на корупцијата и судирот на интереси на Општина Битола ги одразува специфичностите и потебите на општината како единица на локална самоуправа.

## 5. Области кои се осетливи на корупција

Активностите кои се предвидени со годишниот план се многу конкретни, настанати како резултат на самопроценка на изложеноста на институцијата на ризиците за појава и развој на корупција. Дијагностицирани и селектирани се неколку приоритетни области со кои можат да се минимизираат ризиците од корупција. При тоа, идентификувани се конкретни мерки за нивно надминување. Станува збор за следниве области:

**Област 1: Управување со општинскиот имот**

**Цел 1.1 : Воспоставување на ефикасен механизам за управување со имотот на општината**

**Опис на област 1**: Општина Битола како единициа на локална самоуправа има должност и право да стекнува, користи, управува, врши надзор и пренос на јавниот имот. Оваа сложена и одговорна надлежност содржи ризици кои се поврзани со корупцијата. Ако процесот на управување со јавниот имот не е добро регулиран, можат да се создадат услови јавниот имот да се користи за остварување на приватни интереси. Суштината на ефикасно регулирање на управувањето со јавниот имот го сочинуваат два сегменти. Првиот сегмент се однесува на непостоење на интерни акти со кои се регулира процесот на утврдување на јавниот имот, усогласување на фактичката со книговодствената состојба на имотот, како и интерни акти со кои се вршат процесите на стекнување, отуѓување, располагање и контрола над јавниот имот кој што е даден на користење на други лица. Законската регулатива до одреден степен ги регулира овие обврски, но значаен дел од регулацијата на овие процеси е оставен во надлежност на локалната самоуправа. Оттука оправдано се поставува прашањето дали општината овие процеси ги има регулирано адекватно и квалитетно.

Другиот сегмент во областа на управувањето со општинскиот имот се однесува на транспарентноста со неговото управување. Воспоставувањето на локален регистер на јавниот општински имот претставува еден чекор во оваа област. Неговото воспоставување не претставува законска обврска за локалната самоуправа. Регистрите можат да содржат податоци за лицата на кои им е дадено правото на користење односно закуп на јавниот имот, како и податоци за лицата на кои што заради злоупотреба тоа право им е одземено. Потребно е да се предвиди начинот на креирање и содржината на регистерот на недвижен имот, процедурата и одговорноста за негово ажурирање, заштита на податоците кои ги содржи, условите и процедурата на давање на користење и закуп на јавниот имот на други лица, наплатата на побарувањата од закупот, како и контролата на процесот.

**Област 2: Зајакнување на механизмот на граѓанскиот надзор и контрола во процесот на планирање и реализација на буџетот на општината**

**Цел 2.1: Воспоставен ефикасен систем на информирање и вклучување на јавноста во процесот на планирање и надзор над трошењето на буџетот на општината**

**Опис на област 2:** Буџетот на општината е правен документ кој го утврдува планот на приходите и расходите за една календарска година. Тој ја претставува една од најважните јавни локални политики и како таков е основен инструмент за реализација на проектите од значење за јавниот интерес на локалната заедница. Без добро испланиран, доволно транспарентен и оптимално контролиран буџет, се појавува ризик од неадекватно трошење на буџетот, односно трошење кое не одговара на стварните потреби и приоритетите на локалната заедница. Во услови на лошо планирање, недоволна транспарентност и непостоење на екстерен надзор над трошењето на буџетот, се јавува можност од појава на ризици на корупција. Заеднички именител на овој вид на ризици е злоупотреба на јавните средства за различни приватни интереси, кои можат да бидат лични, групни или интереси на политички партии.

Општина Битола настојува процесот на управување со локалниот буџет да биде отворен за јавноста, односно отпорен на ризиците од корупција, отпорен на постоење на дискрециони одлуки и на непланско и неадекватно трошење преку воведување на јавна расправа за планирањето и донесувањето на локалниот буџет. Така се зголемува свесноста на граѓаните за нивната улога во буџетскиот процес. Покрај јавните расправи, како една од најприфатените форми за вклучување на јавноста во изработката на локалниот буџет, се спроведуваат активности за подобро информирање на граѓаните за буџетскиот циклус и детално известување за реализацијата односно трошењето на јавните средства. Посебно внимание треба да се посвети на информирањето на граѓаните за состојбата на буџетот, и тоа на начин, форма и јазик кој ќе биде разбирлив на најширок можен круг на граѓани.

**Област 3: Јавни набавки: планирање и спроведување на постапките за набавка**

**Цел 3.1: Намалување и контрола на дискреционите овластувања при донесување на одлуки за видот на јавни набавки кој ќе биде распишани**

**Цел 3.2: Зголемување на транспарентноста и контролата на набавките**

**Опис на област 3:** Јавните набавки, согласно нивната природа, перманентно се наоѓаат во фокусот на различни антикорупциски јавни политики. Спречувањето на корупцијата и неправилностите во постапките за јавни набавки често се наоѓа во колизија со барањата за зголемена ефикасност на постапките, односно со зголемувањето на брзината на набавка на потребните добра и услуги. Барањата за обезбедување на конкуренција на пазарот овозможува намалување на потенцијалните коруптивни влијанија. Со цел да се заштити јавниот интерес, да се добие најдобра вредност за јавните трошоци, да се обезбеди фер конкуренција во постапките за јавна набавка и правичен третман на понудувачите, потребно е да се постигне највисоко ниво на транспарентност

на процесите, зајакнување на капацитетите со квалификуван и обучен кадар за спроведување на набавки, засилување на контролата и личниот интегритет на лицата вклучени во нивното спроведување.

**Област4: Зајакнување на интерните механизми за контрола во организационите единици на општинската администрација (спроведување надзор)**

**Цел 4.1: Спроведување на работните процеси на законит, одговорен и ефективен начин**

**Опис на област 4:** Воведувањето на електронскиот систем за управување со работни процеси и документи (ДМС) овозможува оптимизација и дигитализација на работните процеси во институциите, како и воведување на унифицирано канцелариско и архивско работење. ДМС системот овозможува унифицирана работа на институциите согласно законската регулатива и максимално се спротиставува на коруптивното работење кое е овозножено со локални и периодични правила во работењето кои се надвор од законската регулатива. Системот овозможува генерирање на извештаи кои покажуваат дали одреден службеник ја завршил неговата работа, а во исто време ваквите податоци водат кон јасен траг за евентуални злоупотреби на службената должност. Работењето во ДМС мора да се поддржува и надградува бидејќи претставува основа за антикорупциско однесување и алатка за побрзо и поквалитетно давање на услугите кон граѓаните и заедницата. Зголемувањето на употребата на електронски системи за управување со работни процеси и документација во институциите и бројот на дигитализирани процеси, води кон комплетно дигитално работење и намалување на можностите за коруптивно однесување.

**Област 5: Јакнење на алатките за отчетност и транспарентност во работењето – проактивна транспарентност**

**Цел 5.1: Обезбедување на поголема видливост и достапност на информациите од работењето на општината**

**Опис на област 5:** Областа транспарентност се однесува на политиките, активностите и мерките што општината ги презема да ги информира граѓаните за својата работа. Во време на лесно достапни можности за пласирање на информации или дезинформации, голема е можноста граѓаните да се здобијат со погрешни сознанија во однос на работата на инстиуциите, како и во однос на корупцијата и она што таа го претставува. Општина Битола обезбедува пристап и можност па целокупната јавност да има увид во нејзиното работење. Тоа е овозможено преку транспарентно и навремено објавување на информации за нејзината работа. Притоа општината, ги користи и сите расположливи ресурси за споделување на информации и податоци во однос на корупцијата и мерките кои ги презема за да се спречи нејзината појава.

**Област 6: Откривање на корупцијата преку механизмите за постапување по пријави од укажувачи**

**Цел 6.1: Обезбедување на поголема функционалност на воспоставените механизми за примена и пратење на прописите од областа на заштита на укажувачите**

**Опис на област 6:** Со пријавите за сомнеж на корупција од страна на вработените (укажувачите) или корисниците на услугите се овозможува откривање и санкционирање на потенцијалните случаи на корупција. Во исто време овој механизам има и превентивна улога, затоа што неговото постоење ги намалува потенцијалните коруптивни активности. Механизмите за пријави на сомнежи за корупција или други неправилности треба детално да се разгледаат за да се овозможи нивно оптимално функционирање. Покрај тоа, заштитата на укажувачите е посебен предизвик во оваа област, на кој што треба да се обрати посебно внимание. Оваа област е регулирана со Законот за заштита на укажувачи („Службен весник на РМ" бр.196/2015, бр.35/2018, бр.257/2020). Со годишниот план за спречување на корупција треба да се зајакни механизмот за примена и пратење на Законот и интерниот акт, и тоа пред се преку известување на вработените за правата и обврските кои произлегуваат од правната рамка и воспоставување на поголема функционалност на механизмот за примената на интерниот акт.

**Област 7: Спроведување на јавни повици за субвенционирање на мерки за заштита на човековата околина и природата**

**Цел 7.1: Зголемување на транспарентноста и контролата при спроведување на јавните повици за субвенционирање на мерки за заштита на човековата околина и природата**

**Опис на област 7:** Во процесот на спроведување на јавните повици за доделување на субвенции на граѓаните постои „двострана комуникација" на релација подносител на барање-службеник. Тоа се постапки во кои што граѓаните поднесуваат барање со соодветна документација врз основа на која што службеникот донесува акт. Во ваквите процедури се јавуваат можности за појава на коруптивни ризици. Намалувањето на ризиците од корупција во процесот на доделување на субвенции на граѓаните може да се изврши преку прецизно дефинирање на процедурата, роковите, критериумите и условите. Со тоа се намалуваат дискреционите овластувања на службениците во одлучувањето во текот на самата постапка. Исто така се намалуваат можностите за вршење на притисоци врз работата на службениците.

Составен дел на Годишниот план за спречување на корупцијата и судирот на интереси е **акционен план** во кој детално се разработени идентификуваните мерки со активности и индикатори. Важен момент за имплементација на Планот се ресурсите. Човечките ресурси се најважниот столб од аспект на очекуваните резултати. Јакнењето на интегритетот на човечките ресурси е клучна алатка за да се исполнат догорочните определби кои се утврдени со Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси за периодот 2021-2025.

**ОБЛАСТ 1: УПРАВУВАЊЕ СО ОПШТИНСКИОТ ИМОТ**

**Цел 1.1:** **Воспоставување на ефикасен механизам за управување со имотот на општината**

| Мерка | Активност | Надлежна организациона единица/назначено лице | Рок на реализација | Индикатор за исполнување | Финансиски импликации |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.Ажурирање на евидентната книга на недвижен имот на општината | 1.Одредување на одговорно лице за ажурирање на податоците од евидентната книга на недвижен имот | Одделение за имот и имотно правни работи/раководител на одделение за имот и имотно правни работи | јануари 2024 | Назначено одговорно лице | Нема |
| | 2.Ажурирање на податоците од евидентната книга на недвижен имот | | септември 2024 | Ажурирана евидентна книга заведена со архивски број | Нема |
| | 3.Воведување на податоци во евиденцијата за лицата на кои им е дадено право на користење односно закуп на јавниот имот, како и податоци за лицата на кои што заради злоупотреба тоа право им е одземено | | септември 2024 | Ажурирана евидентна книга со податоци за корисници на имотот | Нема |

**ОБЛАСТ 2: ЗАЈАКНУВАЊЕ НА МЕХАНИЗМОТ НА ГРАЃАНСКИОТ НАДЗОР И КОНТРОЛА ВО ПРОЦЕСОТ НА ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА БИТОЛА**

**Цел 2.1:** **Воспоставен ефикасен систем на информирање и вклучување на јавноста во процесот на планирање и надзор на трошење на буџетот на општината**

| Мерка | Активност | Надлежна организациона единица/назначено лице | Рок на реализација | Индикатор за исполнување | Финансиски импликации |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.Воспоставување на обврска за адекватно вклучување на јавноста во процесот на планирање и припрема на буџетот на општината | 1.Организирање на јавна расправа за планирање и подготовка на буџетот на општината за 2024 година (буџетски форум) | Сектор за финансиски прашања/раководител на сектор | Ноември 2023 | 1.Спроведени пет буџетски форумски сесии за подготовка на општинскиот буџет | Има |
| | 2.организирање на собири со претставници од месни и урбани заедници на граѓани заради собирање на предлози за проекти кои имаат поголемо значење за општината, во рамките на | | Ноември 2023 | 2.Јавно објавување на анализата за барањата на јавноста | Нема |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | расположливата буџетска рамка<br>3.Истражување на приоритети на локалната заедница<br>4.Систематизирање, анализа и објавување на резултатите од вклучувањето на јавноста во процесот на планирање и припрема на буџетот за 2024 година | | Ноември 2023<br><br>Декември 2023 | 3.Јавно објавување на анализата за барањата на јавноста<br><br>4.Јавно објавување на анализата за барањата на јавноста | Нема<br><br>нема |
| 2.Планирање на буџетот на општината за 2024 година согласно јавно утврдените приоритетни области | 1.Планирање на буџетот согласно реалните потреби | Сите релевантни организациони единици во општината/одделение за буџетска координација | ноември 2023 | 1.Доставени барања од организационите единици на општината со детално образложение на оправданоста на потребата | нема |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3.Известување, транспарентност на трошењето на средствата планирани со годишниот буџет | 1.Воспоставување на обврска за редовно известување на јавноста за реализацијата на општинскиот буџет и реализацијата на програмите на буџетот | 1.Одделение за буџетска координација<br>2.сите релевантни организациони единици во општината | Континуирано<br>Март 2024 | 1.Јавно објавување на квартални извештаи за реализацијата на буџетот<br>2.Јавно објавување на извештаи за реализацијата на програмите со вклучување на индикатори на реализацијата на програмите и постигнати цели | нема<br>нема |

**ОБЛАСТ 3: ЈАВНИ НАБАВКИ / ПЛАНИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ ЗА НАБАВКА**

**Цел 3.1:** **Намалување и контрола на дискреционите овластувања при донесување на одлуки за видот на јавни набавки кој ќе биде расишан**

**Цел 3.2:** **Зголемување на транспарентноста и контролата на набавките**

| Мерка | Активност | Надлежна организациона единица/назначено лице | Рок на реализација | Индикатор за исполнување | Финансиски импликации |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.Економично,ефикасно и ефективно користење на средствата наменети за спроведување на постапки за доделување | 1.Реално проценување на вредноста на секој договор за јавна набавка со пресметување на | Сите релевантни организациони единици во општината/одделение за јавни набавки | 10 јануари 2024 | Спроведени постапки за доделување на договори за јавна набавка во рамките на | нема |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| на договори за јавни набавки | вкупниот износ за реализирање на договорот, имајќи ги во предвид пазарните услови и секое евентуално зголемување на вредноста на договорот кои можат да се предвидат во моментот на проценка | | | проценетите средства | |
| 2.Зајакнување на капацитетите на лицата кои ги подготвуваат техничките спецификации | 1.Спроведување на обуки за примена на стандардите при подготовка на техничките спецификации и критериумите за утврдување на способност | Сектор за финансиски прашања/одделение за јавни набавки/советник за јавни набавки | континуирано | Број на спроведени обуки годишно | има |
| 3.Спречување на влијание врз лицата кои ги подготвуваат техничките спецификации на постапките за набавка заради давање на предност на одредена фирма | 1.Пријавување на обиди за влијание врз лицата кои ги подготвуваат техничките спецификации на постапките за набавка до овластеното лице за | Сите службени лица кои подготвуваат технички спецификации | континуирано | Број на доставени пријави до овластеното лице за прием на пријави од укажувачи | нема |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | прием на пријави од укажувачи | | | | |
| 4.Спречување на влијание врз членовите на комисиите за јавни набавки заради фаворизирање на одредена фирма | 1.Пријавување на обиди за влијание врз членовите на комисиите до овластеното лице за прием на пријави од укажувачи | Сите службени лица назначени за членови на комисии за јавни набавки | континуирано | Број на доставени пријави до овластеното лице за прием на пријави од укажувачи | нема |

**ОБЛАСТ 4: ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ИНТЕРНИТЕ МЕХАНИЗМИ ЗА КОНТРОЛА ВО ОРГАНИЗАЦИОНИТЕ ЕДИНИЦИ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА (СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАДЗОР)**

**Цел 4.1: Спроведување на работните процеси на законит, одговорен и ефективен начин**

| Мерка | Активност | Надлежна организациона единица/назначено лице | Рок на реализација | Индикатор за исполнување | Финансиски импликации |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.Зајакнување на механизмите за контрола на одвивањето на процесите во општината преку воведување на систем за електронско управување со работни процеси и документација (ДМС) | 1.Воведување во работа на електронскиот систем за управување со работни процеси и документација и обезбедување на негова целосна примена | Сите организациони единици во општината/секретар | јануари 2024 година | Воспоставен функционален информатички систем за електронско управување со работни процеси и документација | нема |

**ОБЛАСТ 5: ЈАКНЕЊЕ НА АЛАТКИТЕ ЗА ОТЧЕТНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО ( ПРОАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ )**

**Цел 5.1: Обезбедување на поголема достапност и видливост на информациите од работењето на општината**

| Мерка | Активност | Надлежна организациона единица/назначено лице | Рок на реализација | Индикатор за исполнување | Финансиски импликации |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.Зголемување на пристапноста и функционалноста на алатките за информирање на граѓаните | 1.Изработка на нова веб страна на општината која ќе овозможи полесен пристап и поголема видливост на основните инфопрмации и услуги од работењето на општината | Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија/ раководител на одделение за информатичка технологија и Сектор за правно нормативни, административни и општи работи / раководител на одделение за административни и општи работи | јуни 2024 година | Нова веб страна на општината со поголема функционалност, видливост и можност за побрз пристап до клучни информации и услуги од работењето | Има |

**ОБЛАСТ 6: ОТКРИВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА ПРЕКУ МЕХАНИЗМИТЕ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРИЈАВИ НА УКАЖУВАЧИ**

**Цел 6.1: Обезбедување на поголема функционалност на воспоставените механизми за примена и пратење на прописите од областа на заштита на укажувачите**

| Мерка | Активност | Надлежна организациона единица/назначено лице | Рок на реализација | Индикатор за исполнување | Финансиски импликации |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.Зајакнување на капацитетот на лицето кое е задолжено за прием и постапување по пријави на укажувачи и зголемување на функционалноста на воспоставениот механизам за постапување по пријави од укажувачи за работата на органите на локалната самоуправа и општинската администрација | 1.Обуки на овластеното лице за прием на пријави од укажувачи<br>2.Организирање на работилница за вработените во општината за подигање на свеста за примената на Законот за заштита на укажувачи<br>3.Обезбедување на поголема транспарентност и видливост на постапката за поднесување на пријави од укажувачи | Лице задолжено за пријави од укажувачи | мај 2024 година<br>јуни 2024<br>јуни 2024 година | Извршена обука<br>Извршена интерна обука<br>Креирање посебн дел на веб страната (банер, помени) за пријави од граѓани како укажувачи | има<br>Нема<br>има |

**ОБЛАСТ 7: СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИ ПОВИЦИ ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВАТА ОКОЛИНА И ПРИРОДАТА**

**Цел 7.1: Зголемување на транспарентноста и контролата при спроведување на јавните повици за субвенционирање на мерки за заштита на човековата околина и природата**

| Мерка | Активност | Надлежна организациона единица/назначено лице | Рок на реализација | Индикатор за исполнување | Финансиски импликации |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.Отстранување на ризиците од корупција во административните процедури за субвенционирање на мерки за заштита на човековата околина | 1.Набавка на електронски систем за електронско поднесување на барања за субвенции од граѓаните | Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комуналните дејности и уредување на градежно земјиште/ Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина/раководител на одделение | Март 2024 | Набавен електронски систем за електронско поднесување на барања за субвенции | Има |
| 2.Пропишување на обврска за јавно објавување на сите елементи од програмата, во согласност со прописите кои обезбедуваат заштита на личните податоци | 2.Јавно објавување на повикот, условите од повикот, критериумите и мерките за доделување на субвенција, начинот на поднесувања на | | Континуирано, со спроведување на повиците за субвенции | Јавно објавен повик со сите наведени елементи од активноста | Има |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | барања, потребна документација, листи на добитници на субвенцијата, износот на доделената субвенција | | | | |
| 3.Воспоставување на елементи за управување со судирот на интереси на службениците кои се членови на комисите за доделување на субвенции | 3.Потпиување на изјави за непостоење на приватен интерес во врска со учесниците на повикот односно лицата кои поднесуваат барања | | Континуирано | Потпишани изјави на службениците кои се членови на комисиите за непостоење на судир на интерес | Нема |
| | 4.Воспоставување на практика за поништување на донесени одлуки во случаи на постоење на приватен интерес | | Континуирано | Поништени решенија за доделена субвенција | Нема |

Изготвил,
Аница Тантарова Георгиевска

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА БИТОЛА**
**Тони Коњановски**